Врз основа на член 12 од Одлуката за основање мешовита установа од областа на културата (Акт за основање) („Службен гласник на Општина Центар Скопје" бр.15/16) и член 32 од Законот за установите („Службен весник на Република Македонија" број 32/05,12/05 и 51/1), Управниот одбор на Установата од областа на културата Културно социјален простор ЦЕНТАР – ЈАДРО Скопје, на седницата одржана на 19.11.2018 година донесе

# С Т А Т У Т

на Установата од областа на културата Културно социјален простор ЦЕНТАР ЈАДРО Скопје

## I.Општи одредби

**Член 1**

Установата од областа на културата Културно социјален простор ЦЕНТАР - ЈАДРО Скопје е мешовита установа од областа на културата, чии сосновачи се Општина Центар–Скопје и ЈАДРО–Асоцијација на независната културна сцена Скопје.

**Член 2**

Со овој Статут на Установата од областа на културата Културно социјален простор ЦЕНТАР - ЈАДРО Скопје (во понатамошен текст: Установата) согласно закон се уредува:
- називот и седиштето на Установата
- дејноста на Установата
- организацијата и начинот на вршење на дејноста на Установата
- управувањето и раководењето со Установата
- сопственоста на Установата
- распределба на добивката на Установата
- престанок на Установата

**Член 3**

Установата ќе врши дејност во правниот промет под називот:
Установа од областа на културата Културно социјален простор ЦЕНТАР - ЈАДРО Скопје
Скратеното име на Установата е КСП ЦЕНТАР - ЈАДРО Скопје.
Установата може да го промени називот со одлука на основачите.

**Член 4**

Седиштето на Установата е во Скопје на ул. „Алберт Ајнштајн" бр.2 Скопје - Центар.
Установата може да го промени седиштето со одлука на основачите.

**Член 5**

Установата има печат и штембил.
Печатот е тркалезен 40 мм. во дијаметар, а по должината на периметарот е испишан називот и седиштето на Установата.

Штембилот е со правоаголна форма, со димензии од 47 х 18 мм. на кој е испишан називот и седиштето на Установата.

Установата има својство на правно лице со права и обврски утврдени со Закон.
Установата како самостојно правно лице во правниот промет настапува во свое име и за своја сметка.
Установата се основа за неограничен временски период во кој ја врши дејноста за која е основана, додека основачите не донесат одлука за затворање на Установата или кога кога ќе настапат законски услови за стечај или за ликвидација.
Установата делува самостојно и ја врши својата дејност во согласност и на начин утврден со закон, Актот за основање, овој Статут и други прописи, како и правилата на струката.

## II.Дејност на Установата

**Член 6**

Дејноста на Установата е давање институционална и финансиска поддршка на социо-културни проекти, поддршка на современата уметност и современите социо-културни практики, на демократизацијата и активното учество во социо-културната заедница, на обезбедувањето културна програма на територијата на Општината, организирање културни манифестации и поттикнување разновидни специфични форми на творештво од јавен интерес од локално значење.

Приоритетна дејност на Установата е вршење помошни дејности во изведувачката уметност.
Установата во внатрешниот промет ги врши следните дејности: изведувачка уметност, помошни дејности во изведувачка уметност и уметничко творештво.

## III.Организација и начин на вршење на дејноста

**Член 7**

Средствата за основање и почеток со работа на Установата се обезбедени од соосновачите, и тоа во еднакви удели на основачки влог, секој основач по 30.000,00 денари.

Средствата потребни за финансиска поддршка на Установата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Центар – Скопје - Програма за култура на Општина Центар – Скопје.

ЈАДРО – Асоцијација на независната културна сцена, како соосновач, ќе обезбеди програмски активности, опрема и останати човечки ресурси.

**Член 8**

Средствата за работа на Установата се обезбедуваат:
- од средства од Буџетот на Општина Центар – Скопје - Програма за култура на Општина Центар – Скопје;
- од средставта на ЈАДРО – Асоцијација на независната културна сцена;
- од сопствени извори;

- од донации од домашни и странски физички и правни лица во согласност со закон, и
- од фондовите, непосредно од корисникот на јавните услуги, со продажба на услуги и производи на пазарот, камати, авторски права и патенти во сопственост на Установата, легати, подароци, донации и од други извори на начинот и под условите утврдени со закон и со овој Акт.

**Член 9**

За своите обврски Установата одговара со целокупниот свој имот.
Соосновачите одговараат солидарно и одговорно за обврските на Установата.
Соосновачите не можат со договор да ја исклучат или ограничат одговорноста на еден од нив за обврските на Установата.
Без одлука на соосновачите Установата не може:
-да го смени називот или седиштето;
-да ја промени дејноста;
-да основа други правни лица;
-да стекнува и располага со ствари со поединечна вредност која надминува 60.000,00 денари;
-да оптоварува, отту́ѓува недвижности или да располага со нив;
-да одлучува за здружување во заедници на установи или други здруженија;
-да стекнува, оптоварува или отту́ѓува подвижни ствари со поединечна вредност која надминува 30.000,00 денари;
-да се задолжува и да дава гаранции чија вредност е поглема од 90.000,00 денари;
-да одлучува за користење позајмици и кредити за инвестициски залагања.

## IV. Управувањето и раководењето со установата

**Член 10**

Органи на Установата се управен одбор, советодавен програмски совет, орган за надзор и директор.

**Член 11**

Со Установата управува управниот одбор.
Мандатот на управниот одбор е 4 години без право на повторен избор.
Управниот одбор има три члена кои ги предлагаат основачите на Установата.
Членовите на управниот одбор треба да ги исполнуваат законските услови за неспоивост на функцијата член на орган на управување со други функции утврдени со Законот за установите.
Согласност за именување на членови на Управниот одбор даваат основачите на Установата.
Членовите на управниот одбор имаат право на паричен надоместок согласно Буџетот кој го утврдува Советот на Општината.

**Член 12**

Управниот одбор на установата:
- Го распишува јавниот конкурс за избор на директор, го избира и разрешува директорот на Установата;
- го донесува и менува статутот на Установата;
- ги утврдува политиката и принципите за развој и работа на Установата;
- дава согласност на Нацрт-годишната програма на Установата по предлог на директорот;
- го усвојува годишниот наративен и финансиски извештај за работата на Установата по предлог на директорот;
- дава согласност на актот за организација на работата и систематизација на работните места на Установата;
- донесува документи за финансиското работење на Установата, согласно со прописите за материјално и финансиско работење;
- го следи остварувањето на годишната програма за работа на Установата;
- еднаш годишно доставува извештај за својата работа до основачите;
- усвојува правилници и други акти за работа на Установата по предлог на директорот.

Со работата на управниот одбор раководи претседателот на управниот одбор.

**Член 13**

Начинот на работа на управниот одбор се уредува со деловник за работа, кој го донесува управниот одбор.

**Член 14**

Управниот одбор во рок од осум дена од денот донесувањето на статутот од страна на управниот одбор, распишува јавен конкурс за избор на директор на Установата.

**Член 15**

Директорот на Установата се именува врз основа на јавен конкурс, кој го распишува Управниот одбор, со мандат од четири години.

**Член 16**

За директор на Установата може да биде избрано лице кое ги исполнува следните услови:
- високо стручно образование од општествени или хуманитарни науки;
- три години работно искуство во дејноста независна култура;
- стручни, работни и организациски способности.

**Член 17**

Директорот на установата ги врши следните работи:
- ја претставува и застапува Установата;
- ја организира и води работата на Установата;

- дава предлог за промена на статутот;
- подготвува, предлага  и донесува поединечни акти: правилник за работа и внатрешна организација на Установата, правилник за систематизација за потребниот број на работници во согласност со основачите и други акти поврзани со работата на Установата;
- на основачите и на управниот одбор им поднесува нацрт-програма за работа на Установата за добивање на согласност;
-годишен наративен и финасиски извештај за работата на Установата;
- ги презема сите правни работи во име и за сметка на Установата и ја застапува Установата во сите постапки пред судовите и други институции;
- одговорен е за стручната работа на Установата;
- формира стручен програмски совет и други советодавни тела;
- врши и други работи утврдени со закон.

**Член 18**

Директорот може да биде разрешен пред истекот на времето за кое бил именуван:
- на негово барање;
- ако настане некоја од причините поради кои според прописите за работни односи му престанува работниот однос по сила на закон;
- ако не работи и постапува според закон, статутот и актите на Установата или неоправдано не ги спроведува одлуките на управниот одбор и програмскиот совет или постапува спротивно со нив;
- ако со својата несовесна и неправилна работа предизвика значителна штета на Установата или ако ги занемарува или не ги извршува своите обврски и поради тоа ќе настанат или би можеле да настанат потешки нарушувања во извршувањето на дејноста на Установата;
- ако го попречува или на друг начин го оневозможува остварувањето на правата и обврските на корисниците на јавните услуги.

## VI. СОВЕТОДАВЕН ПРОГРАМСКИ СОВЕТ

**Член 19**

Советодавниот (стручниот) програмски совет го сочинуваат 3 члена, истакнати личности од било која област на културата.

Членовите на програмскиот совет ги именува и разрешува директорот на Установата, со мандат од 2 години, по претходна согласност од Управниот одбор.

Директорот може да разреши член на Програмскиот совет пред истекот на времето за кое бил именуван:
- На негово барање;
- Ако не работи и постапува според закон, статутот и актите на установата или неоправдано не ги спроведува одлуките на управниот одбор и програмскиот совет или постапува спротивно со нив;

- Ако со својата несовесна и неправилна работа и предизвика на установата значителна штета или ако ги занемарува или не ги извршува своите обврски и поради тоа ќе настанат или би можеле да настанат потешки нарушувања во извршувањето на дејноста на установата;
- Ако го попречува или на друг начин го оневозможува остварувањето на правата и обврските на корисниците на јавните услуги.

**Член 20**

Советодавниот (стручниот) програмски совет ги врши следниве работи:
- дава совети и мислења за годишната програма и дејностите што установата ги обезбедува за корисниците и го следи нивното спроведување;
- ги следи состојбите во полето на дејствување на установата на домашно и меѓународно ниво и според нив предлага соодветна програма;
- дава совети мислења и препораки од значење за работењето на установата, и
- еднаш годишно поднесува извештај за својата работа до директорот на установата.

**Член 21**

Начинот на работа на Програмскиот совет се уредува со деловник за работа, кој го донесува Програмскиот советот.

**VII.Распределба на добивката**

**Член 22**

Ако во вршење на својата дејност Установата оствари добивка,таа добивка ќе се употреби за вршење и развој на дејноста на Установата во согласност со програмата за работата на Установата.

**VIII.Престанување на Установата**

**Член 23**

Установата престанува ако:
1) со правосилна одлука се утврди ништавност на уписот на установата во регистарот;
2) на установата и е изречена мерка забрана за вршење на дејност, ако престане да ги исполнува условите за вршење на дејноста;
3) на установата и се одземе дозволата за вршење на дејноста;
4) основачот донесе одлука за престанување на установата ако престанала потребата, односно престанале условите за вршење на дејноста за која установата била основана;
5) основачот донесе одлука за престанување на установата, ако установата не продолжи да работи со обезбедување на сопствени извори на финансиски средства;
6) се припои или спои со друга установа или подели на две или повеќе установи;
7) се преобрази во трговско друштво и
8) се исполнат некои од условите за престанок на установата утврдени со закон.
Одлука за престанок на Установата донесуваат основачите.

**Член 25**

Во случај на престанок на Установата имотот стекнат со делувањето на Установата се пренесува на основачите согласно на нивните основачки влогови, додека имотот кој во Установата го внеле основачите се враќа на основачите.

## IX.Изменување и дополнување

**Член 26**

Овој Статут може да се изменува и дополнува со одлука  на управниот одбор.

## X. Преодни и завршни одредби

**Член 27**

Овој Статут влегува во сила со денот на неговото донесување.

Установата од областа на културата
Културно социјален простор ЦЕНТАР ЈАДРО

УПРАВЕН ОДБОР
ПРЕТСЕДАТЕЛ

__________________

Славчо Димитров